Врз основа на член 153 од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13 и 14/2014 година") и член 34 од Привремениот деловник на Државната изборна комисија, Државната изборна комисија на 109-та Седница одржана на 23.06.2014 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за постапување по член 153 од Изборниот законик**

1. Државната изборна комисија ја спроведе постапката согласно член 153 од Изборниот законик и во рок од три дена го извести наредниот кандидат од листата на кандидати на Коалицијата ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО демократска партија за Македонско национално единство) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во Изборната единица 1, Јелена Жугиќ од Скопје.

2. Бидејќи кандидатот од Листата од точката 1 од овој Заклучок ја извести Државната изборна комисија во рок од 8 дена, согласно член 153 став 3 од Изборниот законик, дека не го прифаќа мандатот, тоа право се пренесува на наредниот кандидат од Листата на кандидати на Коалицијата ВМРО – ДПМНЕ (ВМРО демократска партија за Македонско национално единство) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во Изборната единица 1, Трајче Донев од Скопје;

3. Се задолжува Одделението за стручно – административно работење и меѓународна соработка да го спроведе овој Заклучок.

Број 07-2668/20
23.06.2014 година

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**